УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ
ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА
Катедра за орална и максилофацијална хирургија и
дентална имплантологија
ул. „Крсте Мисирков" 66
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р.Македонија
Тел: 032550400; 032550439; 070338392
www.ugd.edu.mk
e-mail: cena.dimova@ugd.edu.mk

## НАУЧЕН СИМПОЗИУМ:

# "МЕДИЦИНА И СТОМАТОЛОГИЈА БАЗИРАНА НА ДОКАЗИ"

**18.10.2014 сабота**

**Мултимедијален центар –
Економски факултет - Штип**

*Симпозиумот е акредитиран од стручната комисија при
Стоматолошката Комора на Македонија
со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество*

# ПРОГРАМА

**8.30-9.00 Регистрација на учесниците**

**9.00 – 9.15 Отворање на симпозиумот – Поздравен говор на**

**Проф. д-р Рубин Гулабоски – Декан на Факултетот за медицински науки**

**9.15-9.45 проф д-р Милка Здравковска**



Биографски податоци

Вонреден професор д-р Милка Јанкуловска-Здравковска е родена во Скопје, каде ги завршува основното, средното образование и Медицинскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј". На Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје е вработена од февруари 1990 година до декември 2011 година, каде активно учествува во спроведувањето на наставата со студенти во додипломски студии по медицина и стоматологија, постдипломски студии на медицина и Школата за јавно здравство, како и во едукацијата на лекари специјализанти. Во 1995 година ја завршува специјализацијата по епидемиологија и е избрана во звање асистент по истиот предмет. Магистерскиот труд го одбранува во 1999 година, а Докторската дисертација во 2002 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Во март 2005 година е избрана во звање Научен соработник, а во декември 2009 година во звање Виш научен соработник на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје. Еден е од авторите на рецензираните универзитетски учебници: "БИОСТАТИСТИКА" (2006), "ПРАКТИКУМ ПО БИОСТАТИСТИКА" (2006), "ОПШТА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА" (2007), "СПЕЦИЈАЛНА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА" (2009), " БИОСТАТИСТИКА"(2012). Автор и коавтор е на повеќе од 180 труда, печатени во научно/стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и странство. Учесник е во три национални и еден интернационален научен проект кои се со успех завршени, како и во два проекти кои се во тек. На студиски престој и едукација била во: Hebrew Univeristy-Hadassah Braun School of Public Health and Community medicine, Jerusalem, Israel, 2003; Нациналены центар за инфективни и паразитарни заболувања во Софија, Бугарија, 2006; Школа за Јавно здравство "Андрија Штампар", Загреб, Хрватска, 2007; Нинберг, Германија, DAAD, 2013.

Од декември 2011 година работи како Вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА И СТОМАТОЛОГИЈА БАЗИРАНА НА ДОКАЗИ

Здравковска М[1]., Зизовска Е[2]., Талески В[1]., Марковски В[1]., Ханџиски З[1]., Јовевска С.[1]
1. Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип
2. Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Скопје

Медицина/стоматологија базирана на докази претставува совесно, експлицитно и одговорно користење на моментално најдобриот доказ што ќе помогне да се донесе одредена одлука при лекувањето и грижата за индивидуален пациент (Sackett DL,BJM,1996). Доказите се делат на внатрешни и надворешни. Внатрешните докази се темелат на знаењето на лекарот/стоматологот стекнато

при неговото образование и континуирано усовршување, како и на искуството од секојдневната практика. Надворешните докази се информации добиени од литературата – во прв ред примарната литература. Постојат различни видови на надворешни докази во зависност од тоа со која методологија, односно, со кој тип/дизајн на студија се добиени, а достапни се при користење на се поголемиот број на биомедицинските бази на податоци.

Практикување на медицина/стоматологија базирана на докази претставува интегрирање на индивидуалното знаење и клиничкото искуство, со моментално најдобриот доказ според светската литература при индивидуалниот пристап кон пациентот. Корист од ваквото практикување имаат и пациентите и лекарите и целиот здравствен систем.

Во трудот ќе бидат презентирани епидемиолошките методи кои се основа во научно-истражувачката работа, можните дизајни на студии и прашањата на кои тие треба да одговорат, како и стратегијата за пребарување на литература при практикување на медицина/стоматологија базирана на докази.

## 9.45-10.15 проф. д-р Елизабета Зисовска



Биографски податоци

Проф. д-р Елизабета Зисовска, PhD е вработена на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, и преку 20 години е Шеф на Одделението за новороденi деца. На Факултетот за медицински науки (УГД Штип) е вонреден професор по предметот Педијатрија. Предавач и раководител е на Школата за практикување на медицина базирана на докази. Има објавено преку 200 труда во земјата и во странство, а била поканет предавач на конгреси и работилници во Амстердам, Осло, Софија, Неапол, Рим, Сплит, Златибор и други. Во два наврати престојувала вкупно 5 месеци во Женева, и сеуште е ангажирана како повремен консултант на Експертскиот комитет за лекови. Стручни престои имала во Софија, Амстердам, Салцбург, Будимпешта, Сиднеј. Континуирано е вклучена во националната група за развој и адаптација на клинички упатства. Претседател е на здружението Доктори за мир и социјална одговорност (придружна членка на IPPNW). Има објавено 4 учебници за студентите на ФМН, а во два има свои поглавја. Рецензент е на стручни текстови во часописот Медикус, British Medical Journal-case reports и Macedonian Journal of Medical Sciences. Раководител е на работната група при Државниот центар за репродуктивно здравје, Национален и регионален консултант за евалуација на породилиштата. Како консултант била ангажирана во Србија и Црна Гора.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРЕПОРАКИТЕ БАЗИРАНИ НА ДОКАЗИ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА

Зисовска Е.[1], Здравковска М.[2]
1. Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Скопје
2. Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце делчев“, Штип
Коавтор: проф д-р Милка Здравковска

Имплементацијата на препораки базирани на докази во стоматологијата е неопходна, а не само потребна од повеќе причлини, меѓу кои: со развојот на медицинската/стоматолошката технологија многу брз е продорот на информациите и проверката на нивната точност и непристрасност би била скоро неможна. Затоа синтезата и анализата на препораките во систематичните прегледи тоа го прави за сите заинтересирани страни (стоматолог, пациент, заедница), со проверена методологија, за да не се губи време во анализирање на примарната литература (поединечните трудови, цитати, мислења); да се следат важните и корисните тековни истражувања; да се има во предвид нивото на доказот кој е презентиран и јачи-

ната на препораката која се дава, што претставува информација која дава сигурност и безбедност во пружањето на здравствени стоматолошки услуги; да се формулираат и надградуваат стандардите на Клиничката практика; да се проверат и разјаснат контраверзните препроаки и наоди, користејќи докажани статистички методи; да се внесат добиените препораки во Клиничките упатства кои се основа на безбедната и квалитетната здравствена заштита и да се планира нивната имплементација; да се редуцираат варијациите во практиката меѓу центрите од исто ниво на здравствена заштита; да им се помогне на пациентите во добивањето на најсоодветната грижа, односно постигнување на поголемо задоволство од добивањето на здравствените услуги, а на државата да и се помогне да се алоцираат средствата согласно потребите на секое ниво; на фармацевтските компании да им се помогне во нивните инвестирања за подобрување на сопствените производи врз основа на проверени резултати, и нивна подобра промоција базирана на докази, врз основа на претклинички и клинички истражувања да ги насочат кон подобрување на нивниот асортиман. Препораките базирани на докази нудат проверена алатка за да се информираат и предупредат клиничарите за потенцијално непроверените маркетиншки активности.

Преку неколкуте најнови примери на систематични прегледи од областа на стоматологијата (Забна паста со високо ниво на флуор и редукција на ризикот за забен кариес; Флуорирана паста за заби во превенција на кариесот во примарната дентиција кај предучилишни деца; Кои се знаците за запоставено орално здравје кај децата; Системски антибиотици во терапија на акутен пулпит), јасно е прикажано значењето на доказите во рутинската и високософистицираната стоматолошка практика.

Клучни зборови: стоматологија, заб, систематичен преглед

## 10.15-10.45 доц. д-р. Бистра Ангеловска



Биографски податоци

Доцент д-р. Бистра Ангеловска - Дипломира на Фармацевтскиот факултет на Универзитетот во Белград, а специјализира Фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Докторски студии завршува на Фармацевтскиот факултет во Софија и докторира на тема „Рационалната употреба на лековите, набавка на лекови и формирањето на цените на лековите како елементи на националната стратегија за лекови на Република Македонија“. Доктор е на Фармацевтски науки.

Учесник е во повеќе меѓународни проекти, работни групи и комисии под покровителство на Проектната единица на Светската банка и СЗО во чии рамки активно учествува во изготвувањето на Стратегија за лекови на Република Македонија, Листата на лекови на товар на Фондот, референтни цени за лековите од позитивна листа, Законот за лекови и помошни лековити средства и други. Активно учествува на повеќе национални и меѓународни собири и има објавено неколку десетици стручни и научно-популарни трудови во домашни и странски списанија. Во рамките на своите професионални должности и интереси остварува и голем број на студиски престои, семинари, едукации и курсеви. Од 2009 година е доцент по фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

Член е на повеќе професионални асоцијаци.

Од 2012 година е Председател на Фармацевтската комора на Македонија.

## Мониторинг на употребата на лековите – следење на несаканите дејства, пријавување и примена на Медицина/фармација базирана на докази

доц. д-р Бистра Ангеловска, Билјана Лазарова

Историски гледано, постојат низа проблеми поврзани со примената на лекови. Литературните податоци за несаканите дејства на лековите се прошируваат, како резултат на краткиот период за клинички испитувања на лекови во премаркетингшките испитувања и продлабочувањето на знаењата во областа на клиника, терапија, фармакологија и фармација.

Следењето на несаканите ефекти од лековите (Фармаковигиланца) се дефинира како активност со цел откривање, оцена, изучување и заштита од несаканите ефекти на лековите.

Системот за спонтани информации на несаканите дејства е основа на мониторингот на лекови и цели кон обезбедување на информации за рационална употреба и сигурност на лековите.

При проучување на несаканите ефекти се собираат податоци и се опишуваат симптомите со фармакоепидемиолошки индикатори (параметри). Анализата е фокусирана врз појава на докази кои ќе ги поткрепат формулираните хипотези со цел откривање на причината и ефектот на надворешните фактори кои доведуваат до појавата на несаканите ефекти.

Медицина базирана на докази (МБД) – и конкретно Фармација базирана на докази е процес на систематски преглед, оцена и користење на податоци од клинички истражувања со цел оптимизирање на здравствената грижа за пациентите.

Дадениот пристап ги интегрира научните докази со клиничката пракса и вредностниот систем на добиеното искуство во професионалната кариера.

Интеграцијата на овие елементи во процесот на дијагностика и лекување бара градење на соработка меѓу лекар-фармацевт-пациент за оптимизација на клиничкиот резултат и квалитетот на живеење.

Воведувањето на медицина/фармација базирана на докази, се базира на развојот на стратегии за следење и оцена на докази за валидност и примена, систематски преглед и резиме за ефективност на терапевтските стратегии, публикација на резултати добиени со мета – анализа на податоци, брзи и сеопфатни информациони системи, непрекината обука и примена во пракса.

## 10.45-11.15 Кафе Пауза

## 11.15-11.45 проф. д-р Лидија Поповска



Проф. Д-р. Лидија Поповска е вработена на Катедрата за Болести на забите и ендодонтот на Стоматолошкиот факултет како вонреден професор. Специјалист по Болести на устата и забите е од 1994. Докторирала во 2003 год. Остварила повеќемесечни стручни усовршувања од областа на ендодонцијата. Има објавено голем број на трудови, монографија, интерна скрипта и учебник. Учествувала како предавач на бројни семинари како поканет предавач и на стручни и научни конгреси.

### ДОКАЗИ КОИ ГИ ПОТВРДУВААТ РАЗЛИЧНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА ТРЕТМАН НА ПОЧЕТНИОТ ОКЛУЗАЛЕН КАРИЕС

Кога ќе се запознаеме со одреден нов пристап, материјал, инструментариум или стратегија, секогаш е потребно да се провери колку таа нова информација е веродостојна и дали е корисна за праксата користејќи го методот на критичка процена. Во ова предавање ќе биде опфатена ефикасноста на алтернативните

стратегии за откривање и третман на почетните оклузални кариеси. Проценката на ефикасноста на секоја од нив ќе биде извршена врз база на литературните податоци. Ќе се дискутира околу податоците за секој терапевтски модалитет според резултатите, дизајнот на испитувањата и критериумите за успех.

## 11.45-12.15 Проф. д-р Цена Димова



Биографски податоци

Проф д-р Цена ДИМОВА Дипломира на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1986 година, каде што специјализира орална хирургија во 1996 година. Магистрира во 2002 година, со темата "Клиничка евалуација на фибринолитичката активност на крвта при оралнохируршките интервенции", а докторира во 2007 година со темата ""Клиничка подготовка и процена на обезбедената локална хемостаза при оралнохируршкиот третман кај тромботични пациенти". Во својата кариера стручно се усовршува во Полска. Учесник е на повеќе национални и меѓународни проекти. Вработена е на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, Факултетот за медицински науки од 2009 година, каде е раководител на Стоматологија и шеф на Катедрата за орална и максилофацијална хирургија и дентална имплантологија. Во 2013 година избрана е за вонреден професор. Автор е на повеќе од 150 стручни и научни трудови, објавени во земјава и странство. Член е на национални и меѓународни стручни и научни здруженија.

### СТОМАТОЛОГИЈА БАЗИРАНА НА ДОКАЗИ

Автор: Проф. д-р Цена Димова Коавтор: Доц. д-р Киро Папакоча

Обемот на современата научна литература насочена кон стоматолошката пракса понекогаш создава проблеми и прашања на кои треба стоматологот да најде одговор. Честопати се пласираат контрадикторни информации, во смисла која техника да се примени, а која е бескорисна.

Имплементацијата на современите научни стоматолошки достигнувања секогаш претставува водилка во политиките и плановите на стоматолошката индустрија, која потоа ќе сугерира добра практика која пак е во согласност со крајна цел: унапредување на решенијата за подобро орално здравје и воедно, да се обезбеди добар пристап до поволна стоматолошка заштита.

Повеќето автори ја дефинираат стоматологијата базирана на докази - СБД (Evidence Based Dentistry - EBD) како " интегрирање на индивидуална клиничка експертиза со најдобрите достапни екстерни клинички докази од насочено систематско истражување". Истовремено, СБД обезбедува насоки за да им помогне на стоматолозите да направат интелигентна одлука. На кратко, стоматологија базирана на докази е обид да се обезбеди правото на пациентот да добие соодветна постапка, за вистинската состојба во право време.

Општо прифатено дека лекарот или стоматологот со повеќегодишното искуство остваруваат подобар квалитет на здравствената заштита. Сепак, неодамнешните студии покажале дека постои всушност еден инверзен односот меѓу бројот на години на пракса и на квалитетот на обезбедената здравствена грижата.

Стоматологијата базирана на докази е процес кој го реконструира начинот на кој ние размислуваме за клиничките проблеми. Во центарот на дефиницијата на СБД е пациентот, која вклучува разумното интеграција на систематски проценки на клинички релевантни научни докази. Во предавањето ќе бидат опишани заедно, предностите и проблемите на воведување на пристапот на стоматологија базирана на докази од аспект на секојдневните орално хируршки процедури.

Клучни зборови: стоматологија , стоматолошки образование , стоматологија базирана на докази

## 12.15-12.45 доц. д-р Киро Папакоча



Биографски податоци

Доц. д-р Киро Папакоча – Дипломира на Стоматолошкиот факултет во Букурешт - Романија во 2003 година. На истиот факултет а во рамките на Универзитетски ургентен клинички центар – Катедра по орална и максилофацијална хирургија „проф. д-р Дан Теодореску", специјализира орална хирургија во 2006 година. Докторира во 2012 година на истиот факултет во Букурешт во рамките на Клиника за Дентална имплантологија со темата "Методи и техники за реконструкција на дефицитарни алвеоларни гребени".

Вработен е на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, Факултетот за медицински науки од 2008 година, на Катедрата за орална и максилофацијална хирургија и дентална имплантологија.

Во 2014 година избрана е за доцент на Дентална имплантологија. Автор е на повеќе стручни и научни трудови, објавени во земјава и странство.

Член е на национални и меѓународни стручни и научни здруженија.

### ПЕРСПЕКТИВА НА СОВРЕМЕН ИМПЛАНТОЛОШКИ СИСТЕМ ЗА ЕСТЕТСКИ СОВРШЕНА ИМПЛАНТО – ПРОТЕТСКА РЕСТАВРАЦИЈА

Автор: доц. д-р Киро Папакоча     Коавтор: проф д-р Цена Димова

Поставувањето на денталните импланти денес е неопходност и секојдневно е присутно. Во неможноста да се стигне до релевантни и валидни резултати за нивна интеграција, како коскена – така и интеграција на меките ткива, колегите стоматолози и оралните, а и макслофацијалните хирурзи, се во постојана потрага по еден или повеќе имплантолошки системи кои ќе ги задоволат нивните и очекувањата на пациентите.

Тука ќе се обидеме да Ви го доближиме оној имплантолошки систем кои мислиме дека ќе ги исполне Вашите очекувања, а сето тоа базирано на релевантни податоци. За него ќе прикажеме и финални протетски изработки кои соодветно и во време се покажале дека се одлично интегрирани.

## 13.00 - 13.30 Доделување на сертификати



**Прво соопштение за следен Научен симпозиум – 12.12.2014:**

## ТЕРАПИЈА НА ОКЛУЗАЛНА БОЛЕСТ
## ПРЕДАВАЧИ ОД ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО (КОРЕЈА)

**Уплата:**
Назив и седиште на примачот: ДУ Гоце Делчев
Жиро сметка: 100000000063095
Банка на примачот: НБР Македонија
Сметка на буџетски корисник: 1600160330 788 22
Претходна шифра: 723113 44
Цел на дознака: Котизација за Научен Симпозиум на ФМН – октомври 2014
Ве молиме, при уплатата
да го наведете и Вашето име и презиме.
контакт: доц. д-р Киро Папакоча 071332232

**Покровители:**

ПРОМЕДИКА
РАЛ Естетик Трејд
vit
Colgate